Бр./Nr 12-4275/2

02-06-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по анонимна пријава на 13.08.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 30-тата седницата одржана на 21.05.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена од анонимен подносител на 13.09.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-4275/1 од 13.09.2019 година, во кој се укажува на сомневање за сторени незаконитости во текот на спроведување на испитот по -------------------------------- кај проф. д-р -------------- на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, одржан на ден 20.06.2019 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-4275/1 од 13.09.2019 година, од причина што по друг предмет оформен врз основа на доставена друга пријава со идентична содржина, Државната комисија за спречување на корупцијата веќе постапува и презема конкретни дејствија во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во конкретниот предмет, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за заштита на укажувачите.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-4275/1 од 13.09.2019 е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата во кој се укажува на сомневање за сторени незаконитости во текот на спроведување на испитот по ----------------------кај проф. д-р -----------на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, одржан на ден 20.06.2019 година. По извршениот увид во содржината на пријавата, Државната комисија констатира дека по друг предмет оформен врз основа на доставена друга пријава со идентична содржина, Државната комисија за спречување на корупцијата веќе постапува и презема конкретни дејствија во насока на проверка на наводите и утврдување на

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

фактичката состојба во конкретниот предмет, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за заштита на укажувачите.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**